ДАТУМ: 30.05.2011

**СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИ**

# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ – ПОСЛЕДНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПРЕД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Во период од 26 до 28 мај 2011 година, истражувачкиот тим на Институтот за демократија ја спроведе последната анкета пред оддржувањето на предвремените парламентарни избори за рејтингот на политичките партии во Република Македонија. Истражувањето е спроведено од ИДСЦС а поддржано од МЦМС, надвор од нивната воспоставена соработка за набљудување на изборите „Мојот избор 2011“.

Истражувањето беше спроведено на репрезентативен и стратификуван примерок од 1111 испитаници. Во примерокот беа запазени социо-демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на гласање (сите изборни единици се рамноправно претставени во истражувањето). **Сите податоци подлежат на статистичка грешка од ±3%.**

Со почит,

Институт за демократија

Во прилог следуваат резултатите од истражувањето:

Табела 1: Преглед на рејтинзи од вкупно гласачи и како дел од определени гласачи

| За која партија ќе гласате на изборите? | | |
|---|---|---|
| | процент од вкупно | процент од определени |
| ВМРО - ДПМНЕ | **19.4** | **36.7** |
| СДСМ | **15.1** | **28.6** |
| ДУИ | **6.9** | **13.1** |
| ДПА | **3.9** | **7.3** |
| НДП | **1.8** | **3.4** |
| ОМ | **1.3** | **2.4** |
| ВМРО НП | **1.1** | **2.0** |
| Нова Демократија | **1.0** | **1.9** |
| ЛДП | **0.8** | **1.5** |
| Достоинство | **0.3** | **0.5** |
| Демократска десница | **0.1** | **0.2** |
| Друга | **1.3** | **2.4** |
| ОПРЕДЕЛЕНИ | **52.9** | **100.0** |
| НЕОПРЕДЕЛЕНИ | **47.1** | |

Графички приказ на податоците:

**Рејтинг на политички партии од вкупно**



## Рејтинг на партии според определени




Институтот за демократија, врз основа на добиените резултати на национално ниво, но и со анализа на резултатите добиени по изборни единици, изработи симулација на распоредот на пратеничките мандати. **Статистичката грешка од ±3% на која што подлежат резултатите може да се отслика и во оваа симулација.**

Табела 2. Распоред на пратенички мандати

| Партии | Број на пратеници |
|---|---|
| **ВМРО-ДПМНЕ** | **48** |
| **СДСМ** | **37** |
| **ДУИ** | **16** |
| **ДПА** | **9** |
| **ОМ** | **2** |
| **Нова Демократија** | **2** |
| **НДП** | **3** |
| **ЛДП** | **1** |
| **ВМРО Народна** | **2** |
| **Вкупно** | **120** |